ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t.mk

# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА

## АНГАЖМАН ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА НА Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово

*Октомври 2017 година*

**ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово** **тел. 044 330 800** **e-mail: bendcons@t.mk**

# СОДРЖИНА


| Опис | Страна |
|---|---|
| Изјава од овластениот ревизор | 3 |
| 1. Извештај на независниот ревизор за разумно уверување | 4 |
| 1.1. Идентификување и опис на информациите за предметната материја - Предмет на зделката со заинтересирана страна | 4 |
| 1.2.Идентификување на критериумите според кои е оценета предметната материја | 7 |
| 1.3. Методи на вреднување | 8 |
| 1.4. Инхерентни ограничувања | 10 |
| 1.5. Одговорност на менаџментот | 10 |
| 1.6. Одговорност на ревизорот | 12 |
| 1.7. Изјава дека ангажманот е усогласен со МСАУ 3000 | 13 |
| 1.8. Резиме на извршената работа – Извршени процедури и извори кои се користени за утврдување на релевантните податоци кои се предмет на анализа | 13 |
| 1.9. Изјава за независност и компетентност | 14 |
| 1.10. Специфични ограничувања кои влијаеа на заклучокот | 14 |
| 1.11. Суштински прашања утврдени од наша страна | 15 |
| 1.12. Фактори на ризик | 15 |
| 2. Заклучок | 16 |


**Прилози:**

- Предлог Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна
- Предлог Одлука за одобрување на голема зделка
- Критериумите и методите на вреднување при дефинирање на зделката од одговорната страна
- Предлог договори и Анекси поврзани со зделката

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t.mk

**ИЗЈАВА ОД ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР**

**Јас Апостоловски Душко Овластен ревизор вработен во Бенд Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово, под полна (материјална, морална и кривична) одговорност изјавувам дека немам конфликт на интереси со Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и дека во последните три години не сум давал консултантски услуги на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово во смисла на Правилникот за подетално пропишување на условите и потребната документација за исполнување на условите за овластен ревизор кој дава мислење во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна.**

**Изјавил:**

**Тетово 24.10.2017 година** **Овластен ревизор:Душко Апостоловски**

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АНГАЖМАН ЗА РАЗУМНО УВЕРУВАЊЕ ВО ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

**До**
**Собранието на акционери на**
**Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово**

## 1. Извештај на независниот ревизор за разумно уверување

Ние бевме ангажирани од Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово за да извршиме Ангажман за разумно уверување и да издадеме заклучок во врска со Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна (во понатамошниот текст: зделка со заинтересирана страна) за Годишното Собрание на акционери за 2017 година за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна (во понатамошниот текст – Зделката со заинтересирана страна).

### 1.1. Идентификување и опис на информациите за предметната материја - Предмет на зделка со заинтересирана страна

Предмет на Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна се меѓусебно поврзани зделки помеѓу Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и поврзаните друштва и тоа Друштво за градежништво и трговија КВАЛИТЕТ ПРОМ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово; Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз – извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово; Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово и MAK PIPE FZE Слободна зона Џебел Али, Дубаи – UAE. Сите овие друштва се во сопственост на Тони Каранфиловски или членови на неговото семејство или друштвата основани од Тони Каранфиловски или членови на неговото семејство.

Согласно со предлог одлуката за Одобрување на зделка со заинтересирана страна, се работи за:

Склучување на Анекс на Договор за заем со Друштво за градежништво и трговија Квалитет пром ДООЕЛ Куманово, увоз-извоз Куманово, во кој Друштво за градежништво и трговија Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово, увоз-извоз Куманово се јавува како заемодавач;

Склучување на Анекс на договор за деловна соработка за купопродажба на производи од програмата на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и Друштво за градежништво и трговија Квалитет пром ДООЕЛ Куманово, увоз-извоз Куманово, во кој Друштво за градежништво и трговија Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово, увоз-извоз Куманово се јавува како купувач;

Склучување на Анекс на Договор за деловна соработка за купопродажба на репроматеријали во кој Друштво за градежништво и трговија Квалитет пром ДООЕЛ Куманово, увоз-извоз Куманово се јавува како продавач;

Склучување на Договор за купопродажба на нафтени деривати во кој Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово се јавува како продавач.

Склучување на Договор за деловна соработка за купопродажба на производи од програмата на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и MAK PIPE FZE Слободна зона Џебел Али, Дубаи – UAE во кој MAK PIPE FZE Слободна зона Џебел Али, Дубаи – UAE се јавува како купувач.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t.mk

Склучување на Договор за деловно техничка соработка со Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово во кој Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово е градител.

Предлог меѓусебна гаранција на Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово, Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово и Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово како даватели на гаранција за одобрување на кредитен лимит во Халк Банка АД на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и гаранција на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово за одобрување на кредитен лимит во Халк Банка на Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово.

Основните договори, Предлог Договори и Предлог Анекси се составен дел на оваа предлог одлука.

Вкупна вредност на зделката изнесува 4.894.000.000,00 денари.

Според содржината оваа Зделка со заинтересирана страна според член 460а точка (1) од Законот за трговски друштва претставува кумулативна вредност на меѓусебни поврзани зделки. Оваа зделка според последните ревидирани годишни финансиски извештаи претставува 283,51% од вредноста на активата на друштвото значи надминува 10% од активата.

Воедно со оглед на тоа што вредноста на зделката изнесува над 20% од сметководствената вредност на имотот на друштвото, определена според последните финансиски извештаи на друштвото ова е истовремено и голема зделка на која се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва што се однесуваат на голема зделка со заинтересирана страна.

- Забелешка: според ревидираните ФИ на "Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово износот на активата по ФИ за 2016 година изнесува 1.726.223 илјади денари

Временската точка за која се однесува оценката или мерењето на зделката е со датумот на Одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна, а временскиот период на кој се однесува зделката е период од три години.

Според содржината оваа зделка претставува кумулативна вредност на меѓусебно поврзани идни зделки. Конкретната голема зделка со заинтересирана страна која е предмет на одобрување содржи перспективни финансиски информации предвидени со Планот на Друштвото.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t.mk

## Табеларниот преглед на зделката е во продолжение:

### – Висина на трансакции

| ОПИС | Вредност во денари | % |
|---|---|---|
| **I Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово** | | |
| Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово согласно Предлог договор за заем | 300,000,000.00 | 6.13% |
| Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово согласно Предлог договор за деловна соработка како купувач на производи од производната прогорама од ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово | 1,500,000,000.00 | 30.65% |
| Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово согласно Предлог договор за деловна соработка како продавач на репроматеријали на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово | 700,000,000.00 | 14.30% |
| **Вкупно- Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово** | **2,500,000,000.00** | **51.08%** |
| **II Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово** | | |
| Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово согласно Предлог Договор за купопродажба на нафтени деривати како продавач на нафтени деривати на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово како и добавувачи на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово по основ на договор за цесија | 150,000,000.00 | **3.06%** |
| **Вкупно- ДЕТОИЛ ДОО Куманово** | **150,000,000.00** | **3.06%** |
| **III MAK PIPE FZE, DUBAI UAE** | | |
| MAK PIPE FZE, DUBAI UAE согласно Ппредлог договор за деловна соработка како купувач на производи од производната прогорама од ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово | 1,848,000,000.00 | **37.76%** |
| **Вкупно- MAK PIPE FZE, DUBAI UAE** | **1,848,000,000.00** | **37.76%** |
| **IV Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово** | | |
| Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово согласно Предлог договор за деловно - техничка соработка со ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово | 150,000,000.00 | **3.06%** |
| **Вкупно- РАПИД БИЛД ДОО Куманово** | **150,000,000.00** | **3.06%** |
| **V Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово , Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО, Куманово Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово ќе бидат гаранти на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово** | | |
| Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово , Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО, Куманово Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово ќе бидат гаранти на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово за одобрување на кредитен лимит во ХАЛК БАНКА АД | 123,000,000.00 | **2.51%** |
| **VI ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ ќе биде гарант на Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово , Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО, Куманово Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово** | | |
| ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ ќе биде гарант на Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово за одобрување на кредитен лимит во ХАЛК БАНКА АД | 123,000,000.00 | **2.51%** |
| **Вкупно-** | **246,000,000.00** | **5.03%** |
| **СЕ ВКУПНО** | **4,894,000,000.00** | **100.00%** |

| | |
|---|---|
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2016** | **1,726,223,000.00** |
| **% од активата** | **283.51%** |

# 1.2. Идентификација на критериумите според која е оценета предметната материја:

**– Висина на трансакции**

| ОПИС | Вредност во денари | Услови | Критериум | Карактеристики | Документ |
|---|---|---|---|---|---|
| **I Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово** | | Пазарни | - "- | - "- | - "- |
| Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово согласно Предлог договор за заем | 300,000,000.00 | Пазарни | Не повисоко од каматните стапки на деловните банки во РМ за слични кредити | Кредитирањето е условено од потребите во однос на обемот на работа на друштвото и неговата ликвидност | Договори и одлуки за претходни позајмици |
| Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово согласно Предлог договор за деловна соработка како купувач на производи од производната порограма од ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово | 1,500,000,000.00 | Пазарни | Во рамки на тековен ценовник на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово усогласен со цени кон други купувачи | Соодветна продажба и авансно плаќање на превземените количини | Договори и одлуки за претходни зделки |
| Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово согласно Предлог договор за деловна соработка како продавач на репроматеријали на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово | 700,000,000.00 | Пазарни | Во рамки на тековен ценовник на Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово усогласен со цените на конкуренцијата | Продолжени рокови на плаќање согласно со ликвидноста на ФЗЦ 11 Октомври Куманово | Договори и одлуки за претходни зделки |
| **Вкупно- Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово** | **2,500,000,000.00** | | | | |
| **II Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово** | | | | | |
| Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово согласно Предлог Договор за купопродажба на нафтени деривати како продавач на нафтени деривати на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово како и добавувачи на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово по основ на договор за цесија | 150,000,000.00 | Пазарни | Не повисоко од утврдени цени на Регулаторна комисија за енергетика | Продолжени рокови на плаќање согласно со ликвидноста на ФЗЦ 11 Октомври Куманово | Договори и одлуки за претходни зделки |
| **Вкупно- ДЕТОИЛ ДОО Куманово** | **150,000,000.00** | | | | |
| **III MAK PIPE FZE, DUBAI UAE** | | | | | |
| MAK PIPE FZE, DUBAI UAE согласно Ппредлог договор за деловна соработка како купувач на производи од производната програма од ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово | 1,848,000,000.00 | Пазарни | Во рамки на тековен ценовник на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово усогласен со берзански цени | Соодветна продажба и авансно плаќање на превземените количини | |
| **Вкупно- MAK PIPE FZE, DUBAI UAE** | **1,848,000,000.00** | | | | |
| **IV Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово** | | | | | |
| Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово согласно Ппредлог договор за деловно - техничка соработка со ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово | 150,000,000.00 | | Најниска понуда за изградба на деловниот простор и не повисоко од пазарни цени на градежно занатски работи за тековно одржување | Продолжени рокови на плаќање согласно со ликвидноста на ФЗЦ 11 Октомври Куманово | Договори и одлуки за претходни зделки |
| **Вкупно- РАПИД БИЛД ДОО Куманово** | **150,000,000.00** | | | | |
| **V Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово , Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО, Куманово Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово ќе бидат гаранти на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово** | | | | | |
| Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово , Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО, Куманово Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово ќе бидат гаранти на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово за одобрување на кредитен лимит во ХАЛК БАНКА АД | 123,000,000.00 | Пазарни | Взаемно гарантирање под исти услови врз основа на реципроцитет | Гарантирањето е условено од потребите во однос на обемот на работа на друштвото и неговата ликвидност | Барање од деловната банка |
| **VI ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ ќе биде гарант на Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово , Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО, Куманово Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово** | | | | | |
| ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ ќе биде гарант на Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово за одобрување на кредитен лимит во ХАЛК БАНКА АД | 123,000,000.00 | Пазарни | Взаемно гарантирање под исти услови врз основа на реципроцитет | Гарантирањето е условено од потребите во однос на обемот на работа на друштвото и неговата ликвидност | Барање од деловната банка |
| **Вкупно-** | **246,000,000.00** | | | | |
| **СЕ ВКУПНО** | **4,894,000,000.00** | | | | |

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t.mk

Критериумите и карактеристиките се однесуваат само на елементите на деловите од оваа зделка и корисниците за кој е наменет извештајот.

*Критериумите се дискутирани на состанок со малцински акционери на 16.10.2017 година*

**1.3. Во Предлог Одлуката на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово се користени анализи и извори на информации и се употребени следните методи на вреднување:**

1) - Метода на вреднување на Трошоци плус согласно со Просечни цени по ценовник составен дел на Деловната соработка,
Цени на гориво не повисоки од определените од Регулаторна комисија за енергетика
Каматни стапки не повисоко од каматните стапки на деловните банки во РМ за слични кредити, и
Најниски цени за градежни работи по добиени понуди .
Со ваквиот пристап е добиена вредност на зделката од 4.894.000.000,00 денари.

2) - Метода на вреднување според просечни цени во однос на планирани количини во 2017-2020 година и отстапување од минус 3% на цените по ценовник Со ваквиот пристап е добиена вредност од 4.823.500.000

3) - Метода на вреднување според просечни цени во однос на планирани количини во 2017-2020 година и отстапување од плус 3% на цените по ценовник Со ваквиот пристап е добиена вредност од 4.922.500.000

4) Врз основа на применливите методи на вреднување добиената вредност за предвидената вредност на зделката се движи помеѓу 4.823.500.000,00 и 4.922.500.000,00 денари.

5) Сите 3 употребени методи се значајни и релевантни, но заради можната флуктуација на цената на нафтените деривати крајниот износ на зделката е утврден согласно со точка 6 во продолжение.

6) За определување на крајниот износ е користен критериумот за утврдување на вредноста врз основа на Метода на вреднување на Трошоци плус согласно со Просечни цени по ценовник составен дел на Деловната соработка,
Цени на гориво не повисоки од определените од Регулаторна комисија за енергетика
Каматни стапки не повисоко од каматните стапки на деловните банки во РМ за слични кредити, и
Најниски цени за градежни работи по добиени понуди .

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t.mk

Со ваквиот пристап вредностите на зделката се следни :

**– Висина на трансакции**

| ОПИС | Вредност во денари | % |
|---|---|---|
| **I Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово** | | |
| Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово согласно Предлог договор за заем | 300,000,000.00 | 6.13% |
| Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово согласно Предлог договор за деловна соработка како купувач на производи од производната програма од ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово | 1,500,000,000.00 | 30.65% |
| Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово согласно Предлог договор за деловна соработка како продавач на репроматеријали на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово | 700,000,000.00 | 14.30% |
| **Вкупно- Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово** | **2,500,000,000.00** | **51.08%** |
| **II Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово** | | |
| Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово согласно Предлог Договор за купопродажба на нафтени деривати како продавач на нафтени деривати на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово како и добавувачи на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово по основ на договор за цесија | 150,000,000.00 | **3.06%** |
| **Вкупно- ДЕТОИЛ ДОО Куманово** | **150,000,000.00** | **3.06%** |
| **III MAK PIPE FZE, DUBAI UAE** | | |
| MAK PIPE FZE, DUBAI UAE согласно Предлог договор за деловна соработка како купувач на производи од производната прогорама од ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово | 1,848,000,000.00 | **37.76%** |
| **Вкупно- MAK PIPE FZE, DUBAI UAE** | **1,848,000,000.00** | **37.76%** |
| **IV Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово** | | |
| Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово согласно Предлог договор за деловно - техничка со ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово | 150,000,000.00 | **3.06%** |
| **Вкупно- РАПИД БИЛД ДОО Куманово** | **150,000,000.00** | **3.06%** |
| **V Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово , Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО, Куманово Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово ќе бидат гаранти на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово** | | |
| Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово , Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО, Куманово Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово ќе бидат гаранти на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД Куманово за одобрување на кредитен лимит во ХАЛК БАНКА АД | 123,000,000.00 | **2.51%** |
| **VI ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ ќе биде гарант на Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово , Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз - извоз ДЕТОИЛ ДОО, Куманово Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово** | | |
| ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ ќе биде гарант на Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово увоз извоз Куманово за одобрување на кредитен лимит во ХАЛК БАНКА АД | 123,000,000.00 | **2.51%** |
| **Вкупно-** | **246,000,000.00** | **5.03%** |
| **СЕ ВКУПНО** | **4,894,000,000.00** | **100.00%** |

Критериумите и методите на вреднување при дефинирање на зделката се во прилог на овој извештај.

**1.4. Инхерентни ограничувања - ограничувања кои постојат заради неможност да се влијае и контролира вкупниот деловен амбиент, ефективност на интерните контроли и слично.**

- Отсутноста на перфектен пазар, воспоставена пракса за споредба за различни, но прифатливи техники за мерење може да резултира со материјално различно вреднување и може да влијае на споредливоста.
- Можната Флуктуација на пазарните цени на суровините и готовите производи во иднина, може да резултира со материјално значајни разлики во вреднување на зделката;
- Тренд на намалување на каматните стапки во првите 8 месеци од 2017 година
- Нефинансиските информации кои се вклучени во износите во предлог одлуката како што е квалитетот на репрометеријалите и готовите производи се предмет на поголеми инхерентни ограничувања отколку финансиските информации. Овие нефинансиски информации даваат повеќе квалитативни карактеристики на оваа постапка и методите за утврдување на вредноста.
- Според содржината оваа зделка со заинтересирана страна претставува кумулативна вредност на меѓусебно поврзани идни зделки. Сакаме да ви обрнеме внимание дека оваа зделка содржи идни финансиски информации предвидени со Планот на Друштвото. Заради ваквата состојба дури и да се случат предвидените настани сепак фактичките резултати и износи веројатно ќе се разликуваат од проекцијата.
- Ограничена конкуренција со соодветни капацитети за производи од челик во Република Македонија.

**1.5. Одговорност на менаџментот**

Страните корисници на зделката со заинтересирана страна се обелоденети во Предлог одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна.

Заинтересираните страни во Зделката со заинтересирана страна се обелоденети во Предлог одлуката од состанокот на Одборот на директори од 12.09.2017 на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и според истата тие се :

- Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како страна во зделката во својство на заемодавач, продавач, купувач, давател и примател на гаранција во Халк Банка како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово.
- Александар Крстевски како заинтересирана страна во својство на Претседател и Неизвршен член на Одбор на директори во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово како лице вработено во Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово како страна во зделката во својство на продавач и давател на гаранција во Халк Банка, каде содружници се Тони Каранфиловски кој е основач и управител на Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, Дејан Каранфиловски како содружник и управител кој е брат на Тони Каранфиловски кој е основач и управител на Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и Грозде Каранфиловски како содружник кој е татко на Тони Каранфиловски кој е основач

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t.mk

и управител на Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово.

- Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово како страна во зделката во својство на продавач и давател на гаранција во Халк Банка, каде содружници се Тони Каранфиловски кој е основач и управител на Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, Дејан Каранфиловски како содружник и управител кој е брат на Тони Каранфиловски кој е основач и управител на Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и Грозде Каранфиловски како содружник кој е татко на Тони Каранфиловски кој е основач и управител на Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово.
- MAK PIPE FZE Слободна зона Џебел Али, Дубаи – UAE како страна во зделката во својство на купувач чиј сопственик Тони Каранфиловски е основач и управител на Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово.
- Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово како страна во зделката во својство на градител, одржувач и давател на гаранција во Халк Банка кој поседува 35.000 акции со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово каде содружник е Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и управител е Тони Каранфиловски кој е сопственик и управител во Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и содружник е Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово каде содружници се Тони Каранфиловски кој е основач и управител на Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, Дејан Каранфиловски како содружник и управител кој е брат на Тони Каранфиловски кој е основач и управител на Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и Грозде Каранфиловски како содружник кој е татко на Тони Каранфиловски кој е основач и управител на Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t.mk

Одборот на директори на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТМВРИ Акционерско друштво Куманово е одговорен за подготовка на Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна во согласност со критериумите на Законот за трговски друштва и Законот за хартии од вредност, а посебно дека :

- зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи на земјата
- зделката со заинтересирана страна е фер односно вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови во согласност со важечките прописи во земјата
- во зделката со заинтересирана страна не постои несразмерност во заемните давања на страните
- во зделката со заинтересирана страна не постојат некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета
- во досегашните финансиски извештаи на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни
- од согледаните ризик фактори при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна не постојат индикации од аспект на можна измама и манипулација

Одговорноста вклучува и селекција и примена на соодветните методи и критериуми за подготовка на предлогот за уверување и употреба на претпоставките и проценките на индивидуалната одржливост на заклучоците во рамки на дадените околности. Одговорноста вклучува и дизајнирање и имплементација на системи и процеси релевантни за подготовка на предлогот.

**1.6. Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да спроведеме ангажман за разумно уверување со цел да дадеме заклучок врз основа на нашата работа врз основа на нашите постапки за тоа :

- дали зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата,
- дали зделката со заинтересирана страна е фер односно дали вредноста на зделката е утврдена според пазарни услови,
- дали постои несразмерност во заемните давања на страните,
- дали постојат и некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета,
- дали во досегашните Финансиски Извештаи на друштвото реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни,
- дали и какви ризик фактори постојат при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна, особено од можна измама и манипулација.
- да дадеме Препорака до малцинските акционери дали да ја подржат зделката со заинтересирана страна согласно со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РМ 182/2015)

Ние ја извршивме нашата работа во согласност со меѓународниот стандард за уверување 3000 врз основа на добиените податоци до 24.10.2017 година. Овој стандард бара од нас да ги исполниме етичките барања и да го планираме и извршиме ангажманот за разумно уверување врз основа на материјалните аспекти за да го изразиме нашиот заклучок за ангажманот за уверување за тоа дали зделката во сите материјални аспекти е во согласност со критериумите на Законот за трговски друштва и Законот за хартии од

вредност како и да дадеме препорака до малцинските акционери дали да ја поддржат зделката со заинтересирана страна.

Нашиот извештај е изготвен со цел да им помогне на акционерите на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово да ја оценат валидноста на Предлог Одлуката во однос на одобрување на зделка со заинтересирана страна врз основа на тврдењата на одговорната страна.

Овој Извештај вклучувајќи го и заклучокот, е подготвен за целите на усогласеност со рамката за трансакции со поврзани страни на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово. Ние не прифаќаме или превземаме одговорност кон никој друг освен кон акционерите на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово.

### 1.7. Изјава дека ангажманот е извршен согласно со МСАУ 3000

Овој извештај е изготвен во согласност со Меѓународниот стандард за уверување (МСАУ 3000), ангажмани за уверување кои не се ревизии или проверка на историски информации, кои се издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување, одредбите од членот 460-а став 2 а в.в. со став 3 од Законот за трговски друштва и Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии акции котираат на берза (Сл. Весник на РМ 67/2013) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапката за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РМ 182/2015).

Овој извештај се однесува на изнесеното во Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна по однос на точка на дневниот ред од Годишното Собрание на акционери за 2017 година и не се однесува на работењето на Компанијата како целина.

### 1.8. Резиме на извршената работа - Извршени процедури и извори кои се користени за утврдување на релевантните податоци кои се предмет на анализа

Во согласност со рамката на нашиот ангажман при нашата работа покрај другото ги спроведовме следните процедури и ги користевме следните извори на податоци:

- Увид во Тековна состојба на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово
- Увид во Тековна состојба на Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово
- Увид во Тековна состојба на Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово
- Увид во документација за основање на MAK PIPE FZE Слободна зона Џебел Али, Дубаи – UAE
- Увид во Тековна состојба на Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово
- Увид во Акционерска книга на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово
- Увид во Годишна сметка на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово за 2015 и 2016 година
- Увид во Ревидирани финансиски извештаи на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТМВРИ Акционерско друштво Куманово 2015,2016 година
- Увид во Предлог Одлука за Одобрување на зделка со заинтересирана страна од 12.09.2017

- Увид во Известување за Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна од 12.09.2017
- Увид и анализа на Аналитички картици на сметка на купувачи и добавувачи со Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово; Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово; Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово
- Аналитички и суштински постапки на проверка на податоците за остварени меѓусебни трансакции во 2015, 2016 и до август 2017 година меѓу Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово; Друштво за производство и трговија на големо и мало, увоз-извоз ДЕТОИЛ ДОО Куманово; Друштво за градежништво и услуги РАПИД БИЛД ДОО Куманово.
- Интервју на повисокиот менаџмент, одговорен за подготовка на предлог одлуката за издржаност на зделката со заинтересирана страна.
- Интервју на одговорните лица за одредени делови на предлог одлуката за издржаност на зделката со заинтересирана страна.
- Утврдување на вредноста на зделката со заинтересирана страна според утврдените критериуми, по делови и целосно врз основа на тестирање, согласно со член 460а од Законот за трговски друштва, бидејќи станува збор за кумулативни вредности на меѓусебни поврзани зделки .
- Увид и анализа на добиените податоци од деловниот план на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово за вредноста на зделката со заинтересирана страна според Предлог одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна
- Увид и анализа на декларираните износи во Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна.
- Утврдување на процент на износот на зделката со заинтересирана страна согласно со член 460а точка (1) од Законот за трговски друштва во однос на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.
- Увид и утврдување во однос на тоа дали во досегашните Финансиски Извештаи на Друштвото реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни.
- Одржан состанок со дел од малцинските акционери на 16.10.2017 по однос на критериумите, карактеристиките и вреднувањето на зделката
- Увид во Записник на Одборот на директори од 12.09.2017

### 1.9. Изјава за независност и компетентност

Нашиот ангажман го извршивме во согласност со Кодексот на етика на професионалните сметководители.

Ние потврдуваме дека нашиот ангажман го извршивме согласно со меѓународниот стандард за уверување 3000.

### 1.10. Специфични ограничувања кои влијаеа на заклучокот

Не постојат било какви специфични ограничувања кои влијаеле на формирање на заклучокот.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t.mk

**1.11. Суштински прашања** утврдени од наша страна, кои се однесуваат на конкретната зделка:

- Од ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ го добивме Извештајот на Ревизорите на финансиските извештаи за 2016 во кои тие изразиле мислење со резерва за финансиските извештаи за 2016 година, и во однос на зделката со заинтересирана страна со Квалитет пром ДООЕЛ за периодот 2015 до 2017 година го нагласиле прашањето во однос на белешката 27 од Финансиските извештаи кое се однесува на обврската за воспоставување на хипотека врз недвижниот имот на Друштвото по претходната зделка за периодот 2015-2017 година и е констатирано дека не е воспоставена хипотека согласно со одредбите на договорот за заем помеѓу Друштвото и мнозинскиот сопственик. Во однос на ова прашање мислењето не е модификувано, од што произлегува дека ревизорите не квалификувале материјално погрешни прикажувања во однос на зделката со заинтересирана страна.
- Спроведените процедури од наша страна се базирани врз основа на историските податоци и информации за 2015,2016 до 31.08.2017 година во однос на исполнување на критериумите, карактеристиките и методите на вреднување на елементите на зделката.

- Вреднувањето на уделите е условено од следните фактори:
  - Веќе извршените купопродажби на производи и материјали помеѓу Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и поврзаните друштва во периодот 2015-2017,
  - Ризикот во однос на пласманот на производите на други купувачи во однос на цена и наплата,
- Поставените барања на Друштво за градежништво и трговија Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово увоз-извоз Куманово и MAK PIPE FZE Слободна зона Џебел Али, Дубаи – UAE за откуп на најголем дел од количини на производите по однапред склучени договори.

**1.12. При реализација на оваа зделка ги лоциравме следните фактори на ризик**

Врз основа на извршените процедури при ангажман за разумно уверување, во однос на Зделката со заинтересирана страна која е предмет на одобрување на Годишното Собрание на акционери за 2017 година на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово ние ги забележавме следните ризик фактори кои би можеле да влијаат на зделката од аспект на нивната значајност за утврдената материјалност при реализација на оваа зделка :

- Флуктуација на цените на суровините и готовите производи како резултат на глобалната понуда и побарувачка на челик и производи од челик.
- Ограничена конкуренција со соодветни капацитети за производство на производи од челик во Република Македонија.
- Можна зависност од мал број на добавувачи од кои нејголем е Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово.
- Можна зависност од мал број на купувачи од кои нејголем е Квалитет Пром ДООЕЛ Куманово, а согласно со одлуката ќе биде и **MAK PIPE FZE, DUBAI UAE**.
-Спроведените процедури од наша страна се базирани врз основа на историските податоци и информации за 2015, 2016 до 31.08.2017 година во однос на исполнување на критериумите, карактеристиките и методите на вреднување на елементите на зделката.

## 2. *Заклучок*

Според наше мислење врз основа на извршените процедури при ангажман за разумно уверување, како што е опишано погоре, во однос на Предлог одлуката за зделка со заинтересирана страна која е предмет на одобрување на Годишното Собрание за 2017 година на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, базирана на тврдењата на одговорната страна, зделката е објективно искажана во сите материјални аспекти, а особено што:

- Зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата.

- Зделката со заинтересирана страна е фер, односно вредноста на Зделката е утврдена според пазарните услови кои се во согласност со важечките прописи во земјата.

- Не постои несразмерност во заемните давања на страните.

- Не постојат некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета.

- Во досегашните Финансиски Извештаи на друштвото се реално прикажани врските и зделките со заинтересирани страни и ревизорите на финансиските извештаи не квалификувале материјално погрешни прикажувања и во однос на односите со поврзани страин како и во однос на зделката со заинтересирана страна.

- Не постојат ризик фактори при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна, особено од аспект на можна измама и манипулација, освен ризик факторите опишани погоре.

Врз основа на претходното ние даваме препорака до малцинските акционери на друштвото да ја поддржат зделката на седницата на Собранието на акционери, која одлука дополнително претставува услов за склучување на оваа зделка и делегирање на надлежност за реализација на зделката на органите на управување.

Препораката произлегува од погоре изнесеното, а во врска со одредбата од член 3 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на берза (Сл. Весник на РМ 182 од 21 октомври 2015 година) и се изведува заклучок дека зделката е во согласност со императивните прописи на националното законодавство и истата е фер утврдена според пазарните услови и дадени околности во сите материјални аспекти, посебно поради настапување на одложениот услов - целосно спроведување на постапката за зделка со заинтересирана страна согласно со законските прописи, од кое одобрување зависи постоењето на целата зделка.

Овој заклучок со препорака ние го базираме не само раководејќи се од образложението на Органот на управување, туку посебно врз основа на критериумите за утврдување на вредноста на зделката и тоа посебно заради критериумот за утврдени вредности на делови на зделката врз основа на веќе извршени купопродажби на репрометеријали и производи помеѓу Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово и поврзаните друштва во периодот од 2015 до 2017 година, и фактот дека предметот на зделката е утврден и возможен и извршлив во услови на одобрување - потврдување на зделката, заради реализација на предметната зделка.

**ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово** **тел. 044 330 800** **e-mail: bendcons@t.mk**

***2, Заклучок -продолжение***

Истовремено нашиот заклучок, без присуство на елементите на измама, заблуда и присила, а со цел да им послужи на акционерите за одлучување за одобрување на оваа зделка со заинтересирана страна, произлегува и од увид во последните ревидирани финансиски извештаи во кои се содржани врските и зделките со заинтересирана страни, и за истите ревизорите не квалификувсле материјално погрешни прикажувања, како и од спроведените суштински постапки по одредените делови од реализираните зделки со заинтересирана страна во периодот од 2015 до 2017 година.

**Нагласување на прашање**

Ние обрнуваме внимание на точка 1.1. од овој извештај, Предмет на зделката со заинтересирана страна. Според содржината оваа зделка со заинтересирана страна претставува кумулативна вредност на идни зделки. Сакаме да Ви обрнеме внимание дека оваа зделка содржи идни финансиски информации предвидени од друштвото, без да го менуваме заклучокот.

Тетово, 24.10.2017 година

Бенд Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово
ОР. Душко Апостоловски

Друштво за ревизија
БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО
Тетово